Архивски број: 04- 1155/4
Датум:27.08. 2026 год.

Врз основа на Член 45 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# ОДЛУКА

## за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 489/2026 за вработување на административен службеник во Биро за јавни набавки – Министерство за финансии, за работното место број 1: **УПР0101ГО1000 Самостоен референт - ликвидатор во Одделение за финансиски прашања, СЕ ИЗБИРА кандидатот ЈОВИЦА ТОДОРОВСКИ со идентификациски код 270D30C.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Бирото за јавни набваки, Агенцијата за администрација на ден 14.07.2026 година, во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, објави јавен оглас број 489/2026 за вработување на еден (1) административен службеник во Бирото за јавни набавки.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-1706/4 од 15.07.2026 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас број 10-1706/6 од 14.08.2026 година, во функција за спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи за работно место од точка 1 на оваа Одлука, на ден 29.07.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација, спроведе административна селекција, за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1706/5 од 29.07.2026 година.

На ден 19.08.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас го спроведе испитот за административен службеник, за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1706/8 од 19.08.2026 година.

На ден 25.08.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе постапка за проверка на веродостојност

на докази и интервју за административен службеник, за што состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1706/9 од 25.08.2026 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување по јавен оглас, Агенцијата за администрација до Бирото за јавни набавки достави Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови број 10-1706/10 од 26.08.2026 година, врз основа на што Директорот на Бирото за јавни набавки донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

д-р Маре Богева-Мицовска
Директор

ДОСТАВЕНО ДО:

- Избраниот кандидат;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;
- Агенција за вработување на РСМ;